AITONIX

# Годишен извештај за работењето на АИТОНИКС АД Скопје за 2018 година

**1. Главни фактори и околности кои влијаеле на определувањето на работењето**

Друштвото АИТОНИКС АД е основано на 22.07.2000 година од страна на Јордан Димитровски како Друштво со ограничена одговорност од едно лице со назив ТДК Компјутери.

Домашното физичко лице поседуваше 100% од основачкиот влог на друштвото.
На ден **27.04.2018** година е направена промена на називот на друштвото во Аитоникс ДООЕЛ .

Ова ребрендирање е резултат на нашата еволуција како компанија и ја доловува суштината на нашата визија за иднината.

Врз основа на Одлука од **02.05.2018** година (донесена од единствениот содружник на АИТОНИКС ДООЕЛ Скопје) е направена преобразба на ДООЕЛ во АД, согласно која АИТОНИКС ДООЕЛ Скопје се организира во акционерско друштво и во правниот промет продолжува да дејствува како АИТОНИКС АД Скопје.

Седиштето на друштвото се наоѓа на ул.Васил Ѓоргов бр.20 а Скопје.

Основната дејност на друштвото е трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер.

Друштвото е регистрирано да ги врши сите дејности согласно НКД, освен оние за кои е потребна претходна согласност, одобрение или дозвола од надлежен орган.

АИТОНИКС АД Скопје се основа, во постапката за преобразба, со основна главнина од 25.000 евра, поделена на 2.500 обични акции со номинална вредност од 10 евра по акција со решение на Централен регистар на Република Македонија од **16.07.2018**.

**2. Органи на управување на друштвото**

Согласно Статутот на Аитоникс АД, управувањето и раководењето се одвива преку следните органи:

1.Собрание на акционери и
2.Одбор на директори составен од 3 члена.

За неизвршни членови на Одборот на директори со овој Статут се назначени:

- Кирил Смилевски, неизвршен член;
- Марко Андонов, независен неизвршен член;
- Јордан Димитровски, извршен член.

За претседател на Одборот на директори е назначен Марко Андонов.
За Главен извршен директор е назначен Јордан Димитровски.

На Главниот извршен директор по основ на склучен менаџерски договор му е исплатено по 60.000,00 денари нето износ на месечно ниво.
Врз основа на одлука на Собрание на акционери 0202-445/4-18 од 22.10.2018 год. на претседателот на Одборот на директори му е определен и исплаќан месечен надомест од 6.000,00 денари во нето износ.

Друштвото има 46 вработени лица со состојба на 31.12.2018 година.

Работењето на друштвото се заснова на предвидените активности, со целосна ангжираност на сите сегменти од своето работење за да ги реализира своите цели и задачи и оствари успешни деловни резултати.

Добрата бизнис стратегија во претходниот и тековниот период се основа за остварување на позитивни финансиски резултати во тековната 2018 година.

### 3. Акционерски капитал

Со состојба на 31 декември 2018 година, регистрираниот акционерски капитал на Друштвото изнесува 25.000,00 Евра, чија денарска противвредност, на датумот на основање изнесува 1.534.827,00 денари. Истата е поделена на 2,500 обични и во целост платени акции со номиналната вредност по акција од 10 Евра. Имателите на обичните акции имаат право на глас во Собранието на Друштвото, право на исплата на дел од добивката и право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата односно стечајната маса на Друштвото. Согласно акционерската книга на Друштвото, на 31 декември 2018 нема ограничувања на правата засновани на закон и/или Одлука на надлежен орган во однос на тргување со истите.

Структурата на акционерскиот капитал на датумот на известување е како што следи:

| | | 31 декември 2018 |
|---|---|---|
| | | |
| Јордан Димитровски | | 89.72% |
| Останати | | 10.28% |
| | | |
| | | **100%** |

Прегледот на движењето на акционерскиот капитал во текот на 2018 година е како што следи:

| | **Број на акции** | | | **Износ (000 МКД)** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Во оптек** | **Сопствени** | **Вкупно регистрирани** | **Во оптек** | **Сопствени** | **Вкупно регистрирани** |
| **16 јули 2018** | **2,500** | **-** | **2,500** | **1,535** | **-** | **1,535** |
| Откуп на сопств. Акции | (250) | 250 | - | (154) | 154 | - |
| **31 декември 2018** | **2,250** | **250** | **2,500** | **1,381** | **154** | **1,535** |

**4. Политика на вложувања за одржување и за подршка на успешноста на работењето и развој на друштвото**

Развојната политика на друштвото е дефинирана и следена од страна на Главниот извршен директор. Континуирано се следат и анализираат остварувањата на приходите и расходите во тековната во однос на предходната година како и во однос на предвидувањата за инвестиции во наредните периоди.

**5. Политика на дивиденди**

Во текот на 2018 година друштвото нема извршено исплата на дивиденда .

**6. Извори на средства на друштвото**

Друштвото користи финансиски средства од домашни банки но воглавно работи со сопствени средства, од реализација на продажба на производи и услуги на домашен пазар и странски пазар.

**7. Политика на управување со ризикот**

Управувањето со ризици на друштвото се фокусира со непредвидливоста на пазарот и се стреми кон минимизирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на друштвото.

Главни ризици на кои друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

***Кредитен ризик***

Основните финансиски средства на друштвото се парични средства во банки и побарувања од купувачите кои ја претставуваат максималната изложеност по основ на кредитен ризик. Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Изложеност на друштвото на кредитен ризик во најголем дел се однесуваат на побарувања од купувачите и други побарувања.

За избегнување на овој вид ризик друштвото има своја деловна политика која ја спроведува преку соодветна служба која ги контролира наплатите од купувачите со истовремена примена на соодветни мерки за спречување на продолжување на роковите за наплата на побарувањата.

***Ризик од промена на каматни стапки***

Ризикот од промена на каматните стапки претставува ризик поради кој износот на кредити може да се промени како резултат на промените на каматните стапки на пазарот. Друштвото, во текот на пресметковниот период, има користено вакви кредити во разумен износ па може да се каже дека не постои изложеност на ризик од промена на каматни стапки.

***Ликвидоносен ризик***

Ликвидоносен ризик или ризик од неликвидност постои кога друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребните средства за сервисирање на своите обврски.

Ликвидноста на друштвото во извештајниот период е релативно стабилна.

И покрај отежнати услови на наплата на побарувањата, во услови на општа недисциплина во финансиското работење на опкружувањето, друштвото успешно изнаоѓа инструменти за избегнување на ризик од неликвидност. Друштвото управува со своите средства и обврски на таков начин што може да ги исполни сите свои доспеани обврски во секое време.

***Ризик од промена на курсевите***

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид ризик. Според ова, друштвото е изложено на можните флуктуации на странски валути.

**8. Изгледи за иден развој на друштвото и неговиот деловен потфат**

Целите на друштвото при управување со капиталот се овозможување на друштвото да продолжи со понатамошна континуирана работа со цел да обезбеди приход на друштвото како и одржување на оптималната структура на капиталот.

Главен извршен директор

Друштво за производство, трговија и услуги АИТОНИКС АД СКОПЈЕ

Јордан Димитровски